# ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ

**Час:** 4
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 1 - основи на користење компјутер и друга ИТ
**Наставна содржина:** Работна околина на оперативен систем
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се потсети на поимот оперативен систем
**Очекувани резултати:** Објаснува што е оперативен систем, објаснува која е улогата на оперативниот систем при работата на компјутерот, ги набројува најчесто користените оперативни системи, извршува основни операции во оперативниот систем
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка работа, индивидуална работа
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на практична работа
**Наставни средства:** Компјутери
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Усни одговори на прашања поставени од наставник, чек - листа, објаснува што е оперативен систем

## ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ

**Воведна активност:**

- Потсетување од минатиот час – Што е хардвер, а што софтвер? Се наведуваат примери за хардвер, а потоа примери за софтвер.
- Повторување за влезни и излезни уреди на компјутер – дали овие уреди се хардвер или софтвер? Ја наведуваме задачата на влезните и излезните уреди и набројуваме неколку влезни и неколку излезни уреди.

**Учечко - поучувачки активности:**

- Се гледа веб - клипот на веб – страната http://www.gcflearnfree.org/computerbasics/understanding-operating-systems/1/ , се објаснува неговата содржина и се дискутира за неа.
- Се стартуваат детските лаптоп – компјутери, се именува и набљудува ОС што го користат.
- Наставникот демонстрира како се најавува одреден корисник во ОС.
- Се дискутира за таблетите и смартфоните како вид на компјутер и за ОС што го користат.

**Резимираме:** Оперативниот систем е најважниот софтвер кој работи на компјутерот. Автоматски се стартува кога ќе го пуштиме компјутерот и управува со хардверот и софтверот. Тој овозможува да комуницираме со компјутерот. Без оперативен систем, компјутерот е бескорисен.

**Активности за евалуација:**

- Се објаснува поимот оперативен систем.
- Се набројуваат задачите што ги извршува оперативниот систем.
- Се набројуваат видови оперативни системи.

obrazovanie.literatura.mk